UDC: 347.96:17(73)

# ПРАВНАТА ЕТИКА ВО САД ЕЛАБОРИРАНА НИЗ ПРИЗМАТА НА МОДЕЛ СТАНДАРДИТЕ НА АВА

**М-р Наташа Донева**
Асистент, Правен факултет,Универзитет "Гоце Делчев"-Штип
Докторанд, Универзитет "Св Кирил и Методиј"-Скопје
natedoneva3@gmail.com

**Апстракт:**

Правосудството е област која во центарот ги има едни од најфундаменталните вредности, како правда и правичност... Одлучува за едни од најважните човекови права и слободи, задира во делови од човековото живеење кои што се суштински...Затоа и повеќе од потребно е да се потенцира важноста од етичкото однесување на сите лица инволвирани во практикување на правото.

Американската правна професија, се вели доживува драстичен брз развој. Според статистиките, бројот на денешните правници во САД, никогаш не бил поголем . Во 1950 тите бројот на адвокати и судии бил околу 176.000,во 1970-260.000, во 1987 година-707.000... Но ваквото зголемување во правната фела не е само процентуално. Присуството на правниците е се поекспонирано и во јавноста, медиумите...Со тоа само се зголемува притисокот и за нивната правна етика. Но ставот е се позаедничкı: Правниците би требало да имаат подобра етика.

Од наративните правила, преку ABA's Canons 1908, Преку Model Code of Professional Responibility, до The Model Rules of Professional Conduct, можеме да нотираме дека обидот, интенцијата за зачувување на суштината на етиката е присутна од секогаш, но начинот на кој истата е изразена е драстично сменета... Всушност дизајнирањето на соодветен документ и неговата имплементација се покажале малку проблематични.

Во овој труд ќе бидат елаборирани претходно споменатите три најрелевантини документи донесени од страна на ABA (American Bar Association), се со цел да се согледа (р)еволуцијата на регулацијата на правната етика во САД. Исто така ќе се даде краток брифинг и за дисциплинските мерки за недолично однесување и "каналите" низ кои истото се спроведува. Истата анализа ќе биде завршена со отварање на прашањето, што со правната етика во дигиталната ера? Дали и како државите се носат со тој нов предизвик?

**Клучни зборви:** *етика, кодекси, однесување…*

# LEGAL ETHICS IN THE UNITED STATES ELABORATED THROUGH THE PRISM OF ABA MODEL STANDARDS

**LL.M Natasa Doneva**
Teaching Assistant, Faculty of Law, University "Goce Delcev"-Stip
PhD Candidate, University "SS. Cyril and Methodius"-Skopje
natedoneva3@gmail.com

**Abstract:**

The judiciary is an area that has at its center some of the most fundamental values, such as justice and fairness ... It makes decisions for some of the most important human rights and freedoms, it influence on  parts of human life that are essential ... Therefore, it is more than important the ethical conduct of all persons involved in the practising of the law.

The American legal profession is said to be experiencing drastic and rapid development. According to statistics, the number of today's lawyers in the United States has never been higher. In the 1950s the number of lawyers and judges was about 176,000, in 1970's -260,000, in 1987-707,000 ... But such an increase in the legal profession is not just a percentage. The presence of lawyers is increasingly exposed to the public, and the media ... This only increases the pressure on their legal ethics. But the point of view is in common: Lawyers should have better ethics.

From the narrative rules, through ABA's Canons 1908, to the Model Code of Professional Responibility, to The Model Rules of Professional Conduct, we can see that the effort, the intention to preserve the essence of ethics has always been present, but the way it is expressed is drastically changed ... ... In fact, designing an appropriate document and implementing it has proved a bit problematic.

This paper will elaborate on the above mentioned three most relevant documents adopted by ABA (American Bar Association) in order to understand the (r) evolution of the regulation of legal ethics in the United States. A short briefing will also be given on disciplinary measures for misconduct and the "channels" through which it is implemented. The analysis will end with the opening of the question, what about the legal ethics in the digital age? How do states face and how can they deal with this new challenge?

**Keywords:** *ethics, codes, behavior…*

## Вовед

Професионалната етика е тема на дебати и анализа, која корените ги влече многу одамна. Всушност професионална етика ги сублимира личните стандарди што се очекуваат од лицата во одредена професија.

Сите лица во одредена професија, фела, располагаат со свои експертски знаења и вештини. Но како ќе ги искористат и канализираат своите знаења, искуства е домен што бара инволвирање на етиката. Една работа е што е општествено прифатливо и оправдано, сосема друга е што е етично и согласно професионалната етика. Затоа секоја професија си има свој Кодекс на однесување. Сет од правила и норми која бараат почитување и спроведување

на работата во пракса. Иако различни за секоја професија, сепак кодексите имаат неколку заеднички точки, како: лојалност, транспарентност, искреност, интегритет, чесност... Почитувањето на правилата содржани и прокламирани во Кодексите, ги бенифицираат не само граѓаните кои бараат услуга од релевантната фела, туку и членовите на самата професија. Истовремено помагаат да се зачува довербата на јавноста во професијата, да се заштитат поедниците од потенцијални малверзации, да се редуцира нелојалната конкуренција...

Правосудството пак е област која во центарот ги има едни од најфундаменталните вредности, како правда и правичност... Одлучува за едни од најважните човекови права и слободи, задира во делови од човековото живеење кои што се суштински...Затоа и повеќе од потребно е да се потенцира важноста од етичкото однесување на сите лица инволвирани во практикување на правото.

Но правната етика свои диференции забележува и на континентално ниво. Така правната етика во САД е различна од правната етика на европско тло.

Американската правна професија, се вели доживува драстичен брз развој. Според статистиките, бројот на денешните правници во САД, никогаш не бил поголем[1]. Во 1950 тите бројот на адвокати и судии бил околу 176.000,во 1970-260.000, во 1987 година-707.000... Но ваквото зголемување во праваната фела не е само процентуално. Присуството на правниците е се поекспонирано и во јавноста, медиумите...Со тоа само се зголемува притисокот и за нивната правна етика. Но ставот е се позаеднички: Правниците би требало да имаат подобра етика. Многумина велат тоа зависи од фактот дали правната професија е самостојна (бидејќи тогаш, правниците сами го диктираат темпото и начинот на работа) или пак е зависна (бидејќи тогаш правниците мора да се "покорат"на одредени стандарди и норми). Дел од експертите велат, развојот на етиката минува низ неколку фази, наративни но и оние воспоставени со правила. Основните Базични правила за однесувањето на правниците се базирале на три вредности: лојалност, доверливост и слава/почит на судот. Првите две вредности го рефлектирале односот на адвокатот и клиентот, додека третата вредност односот на правната фела спрема правниот систем...




[1] Hazzard,G; The future of Legal Ethics Statistic Abstract of the United States;

[2]Од наративните правила, преку ABA's Canons 1908, Преку Model Code of professional responibility, до The Model Rules of Professional Conduct, можеме да нотираме дека обидот, интенцијата за суштината на етиката е зачувана, но начинот на кој истата е изразена е драстично сменета...

За да започнеме да ја дефинираме правната етика во САД, би требало да започнеме од почетокот, за да се согледа (р)еволуцијата на истата низ текот на времето. Најпрво би започнале со Кодексот на професионална етика од 1908 година.

## 1. Кодексот на професионална етика од 1908

Кодексот на професионална етика од 1908 година[3], се состои од преамбула и 32 етички правила на однесување. Како што е опишано во самата преамбула**, "*...иднината на Републиката, во голема мера зависи од нас, нашето одржување на правдата чиста и неизвалкана. Не може да се оддржи таква доколку однесувањето и мотивите на членовите на нашата професија подлежат на одобрувањето на само еден човек*"**.

Етичките кодекси се усвоени од Американската асоцијација на адвокати[4], како генерален водич, но со енумерирањето на конкретните норми на однесување, не значи дека била затворена листата, напротив можело да се приклучат и нови правила, кои се соодветни и апликативни на самата професија и доличното однесување на нејзините членови. Во продолжение содржината на Кодексот од 1908 година.

1. Должноста на адвокатите спрема Судовите / The duty of the Lawyers to the Courts
2. Селекција на судиите / The selection of the Judges
3. Обидите да се воспостави лично влијание врз судот / Attempts to exert personal influence on the Court
4. Кога се поставува советник за сиромашен затвореник / When counsel for an indigent prisoner
5. Одбраната за обвинетите за криминал/ The defence of prosecution of those accused of a crime
6. Негативно влијание и спротивставени интереси / Adverce influence and conflicting interests
7. Конфликти на мислења / Proffesional Colleagues and conflicts of opinion
8. Совети околу пресудата на клиентот / Advising Upon the Merits of a Client's Cause.

[2] Фотографијата е преземена од: https://libguides.law.wustl.edu/c.php?g=134482 ;

[3] Кодексот на професионална етика од 1908 година, достапен на: http://www.minnesotalegalhistoryproject.org/assets/ABA%20Canons%20(1908).pdf (Пристапено на 01.04.2020);

[4] American Bar Association (ABA), како асоцијација на правници и студенти на право е основана уште во 1878 година, со седиште во Чикаго, САД;

9. Преговори со спротивната страна / Negotiations with Opposite Party.
10. Протежирање интерес во парницата / Acquiring Interest in Litigation
11. Справување со имотни барања/ Dealing with Trust Property
12. Прашања околу трошоците / Fixing the Amount of the Fee.
13. Такси за успешност / Contingent Fees
14. Тужбата против клиент за трошоци / Suing a Client for a Fee
15. Колку може адвокатот да оди во корист на клиентот / How Far a Lawyer May Go in Sup-porting a Client's Cause
16. Задржување на клиентите од несоодветни однесувања/Restraining Clients from Improprieties.
17. Односот меѓу адвокатите / Ill-Feeling and Personalities Between Advocates.
18. Третманот спрема сведоците / Treatment of Witnesses and Litigants.
19. Појавата на адвокатот како сведок за клиентот / Appearance of lawyer as Witness for His Client.
20. Дискусии околу моменталните постапки / Newspaper Discussion of Pending Litigation.
21. Точност и експидитивност / Punctuality and Expedition.
22. Праведност / Candor and Fairness.
23. Односот спрема поротата / Attitude Toward Jury.
24. Право на адвокатите да го контролираат текот на судењето / Right of Lawyer to Control the Incidents of the Trial.
25. Договарање со спротивната страна / Taking Technical Advantage of Opposite Counsel; Agreements with Him.
26. Стручно застапување / Professional Advocacy Other Than Before Courts.
27. Рекламирање, директно или индиректно / Advertising, Direct or Indirect.
28. Поттикнување на парница, директно или преку други / Stirring Up Litigation, Directly or Through Agents.
29. Одржувајќи ја честа на професијата / Upholding the Honor of the Profession
30. (Не)оправдана покренување на постапка/ Justifiable and Unjustifiable Litigation.
31. Одговорност за постапката / Responsibility for Litigation
32. Одговорноста на адвокатот во последната анализа / The Lawyer's Duty in Its Last Analysis.

Анализирајќи ги понатаму и останатите два кодекси за етичко однесување, донесени од стана на ABA, компарирајќи, ќе приметиме дека кодексот од 1908 година има наједноставна структура, но тоа не значи дека заостанува содржински во однос на неговите следбеници. Напротив слободно може да им парира. Зошто? Затоа што иако донесен уште во далечната 1908 година, овој кодекс за етичко однесување на правниците, опстанал речиси шеесетина години (што ќе видеме не е случај со Model Code of Professional Responisbility). Истиот покрива широк дијапазон од правната сфера и практицирањето на правото.

Од регулирање на односот адвокат – клиент; трошоци во постапка, меѓу кои влегуваат и дополнителните "награди за успешност"; однос на сите учесници во една постапка спрема Судот; независноста на судот регулирана низ правилата за евентуалните обиди за влијание врз судот; начинот на селекција на судиите; односот спрема поротата; до зачувување на угледот и честа на професијата... речиси сите сфери биле покриени.

Но во временската рамка од овој кодекс до донесување на наредниот се менуваат неколку работи на правната сцена во САД. Имено почнува рапидно да се зголемува бројот на адвокати и судии, но не само процентуално туку и со нивната експонираност во јавноста. Се појавуваат во јавноста и низа случаи кои се се , само не и етичко однесување на лицата инволвирани во правната фела. Овде би ги споменала двата од низата случаи каде доаѓа до израз правната (не) етика на адвокатите и судиите- Powell v Alabama (Scottsboro case)[5] , Gideon v Wainwright[6] …

Познатиот Scottsboro case[7], се однесува за девет млади момчиња, афро американци, кои лажно биле обвинети за силување на две бели девојки. Случајот се случува во триесетите години во Алабама, и истиот е синоним за негирање на правото на фер судење, судење во разумен рок, недискриминација, правото на одбрана... Прво се формира порота составена само од белци, иако по правило во вакви случаи треба да има застапници и од афро американците. Понатаму и судијата и јавниот обвинител судењето за сите девет обвинети првично го спроведуваат во само четири дена. За одбрана е поставен адвокат кои со години нема практикувано право и негов помошник –адвокат кој не го познавал правниот систем на Алабама. Овој случај е вистинска пресвртница, во која доваѓа до промена на судии, адвокати, жалби со US Supreme Court и кој добива медиумски публицитет. Случај кој и ден денес важи за црна дамка во правната историја на САД, бидејќи и покрај очигледните пропусти намерни или не на адвокатите и јавните обвинители, сепак не доаѓа до никакви дисциплински мерки за истите.

Додека вториот случај за Gideon v Wainwright, е случај со кој се зацвстува правото за одбрана за лица кој немаат финансиски средства да си дозволат бранител. Имено Clarence Earl Gideon врз основа на сведочење на само еден наводен очевидец бил прогласен за виновен за кражба. Бидејќи немал можност да си дозволи адвокат морал сам да се застапува и да ја докажува својата невиност пред суд. Во затворот едуцирајќи се за правата кои се предвидеи со амандманите 5 и 6 од Американскиот Устав, поднесува жалба која се усвојува...

Ова се само фрагменти од вистински случаи кои посочуваат на неетичкото постапување на правниците и прекршување на веќе постоечки пишани правила.

---

[5] Blodgett, Windows into the legal past, 71 ABA;

[6] Gideon v. Wainwright, 372 U.S. 335 (1963);

[7] Подетално за случајот на: https://www.sigtheatre.org/scottsboro/a-miscarriage-of-justice/ ;

Поради овие и низа други случаи во 1969 година ABA асоцијацијата го донесува Model Code of Professional Responisbility.

**2. The American Bar Association Model Code of Professional Responsibility**

Американската адвокатска асоцијација, во 1969 година го продуцира The American Bar Association Model Code of Professional Responsibility[8,9], како сет од професионални стандарди, дизајнирани за да ги етаблираат минималните етички и професионални одговорности што се бараат од правниците во Соеднитетите Американски Држави.

Според предговорот на Кодексот, таа е изведена од Каноните на професионална етика на АБА (1908), кои за возврат биле позајмени од каноните на државната асоцијација на Алабама (1887), кои за возврат биле инспирирани од повеќе извори како што се етички резолуции во легален учебник од 1830 година.

The American Bar Association Model Code of Professional Responsibility има сосема различна структура во однос на неговиот претходник. Имено истиот комбинирал три вида на норми: Првите се состоеле од девет “Canons”, вторите еден вид коментари наречени”Ethical Considerations” и третиот дел познат како дисциплински правила или т.н black letter law-Disciplinary Rules (DR’s).

Содржината на овој кодекс е следнава (првиот дел, деветте правила):

1. Адвокатот треба да помогне во одржувањето на интегритетот и надлежноста на правната професија. / A lawyer should assist in maintaining the integrity and competence of the legal profession.
2. Адвокатот треба да и помогне на правната професија во исполнувањето на својата должност да го направи правниот совет достапен. / A lawyer should assist the legal profession in fulfilling its duty to make legal counsel avaliable.
3. Адвокатот треба да помогне во спречувањето на неовластената практика на закон / A lawyer should assist in preventing the unauthorized practise of law
4. Адвокатот треба да ја зачува довербата и тајните на клиентот / A lawyer should preserve the confidence and secrets of a client
5. Адвокатот треба да изврши професионална проценка во име на клиент / A lawyer should exercise independence professional judgment on a behalf of a client
6. Адвокатот треба компетентно да претставува клиент / A lawyer should represent a client competently
7. Адвокатот треба да застапува клиент ревносно во рамките на законите / A lawyer should represent a client zealously within the bunds of the law

[8] Повеќе на: https://worddisk.com/wiki/American_Bar_Association_Model_Code_of_Professional_Responsibility/#cite_note-1 (Пристапено на 01.04.2020);

[9] American Bar Association Model Code of Professional Responsibility достапен на: https://www.americanbar.org/content/dam/aba/administrative/professional_responsibility/mrpc_migrated/mcpr.pdf (Пристапено на 01.04.2020) ;

8. Адвокатот треба да помогне во подобрување на правниот систем / A lawyer should assist in improving the legal system
9. Адвокатот треба да избегнува појава на професионална несоодветност. / A lawyer ahould avoid even the appearance of professional impropriety.

Во прилог илустрација како изгледа едно правило од овој кодекс:

Canon 1 – A Lawyer Should Assist in Maintaining the Integrity and Competence of the Legal Profession

Ethical Considerations – EC1-1: …Maintaining the integrity and improving the competence of the bar to meet the Highest standards in the ethical responsibility of every lawyer…

Disciplinary Rules DR 1-102 misconduct-…A Lawyer shall not: violate a disciplinary rule, engage in illegal conduct involving moral turpitude, engage in conduct involving dishonesty, fraud, deceit, misrepresentation…

Структурата на кодексот била составена од правила, етички одредби и дисциплински норми. За истиот се велело дека е компилација на игри кои адвокатите сами ги играат. Додека на Американската правна заедница и биле потребни едноставни правила, кои членовите ќе ги разбираат и следат.

Овој кодекс на правила има доста краток " век на живеење", бидејќи веќе во 1980 тите години ABA почнува да формира комисија која ќе донесе нов сет на правила и норми. Па прашањето е зошто? Зошто овој кодекс во кој е полагано толку многу надеж дека ќе е подобар од претходниот не ги дал очекуваните резултати? Овде постојат неколку можни сценарија. Прво затоа што според многумина, имал прекомплицирана структура, тешко разбирлива, конфузна и речиси невозможна за практична примена. Следната критика е дека станува збор за алатка за креирање игри во рацете на адвокатите. И секако свој придонес има и познатата афера Вотергејт (Watergate)[10] , која инволвирала завиден број на адвокати, кој ни одалеку не ги почитувале нивните професионални должности.

Затоа ABA веќе во осумдесетите години, по само една деценија од практичната примена на овој етички кодекс, формира комисија, позната под името Кутак комисија. Комисијата била предводена од Роберт Кутак, коосновач на правната фирма Kutak Rock LLP [11]која требало да изврши измени и дополнувања на овој сет на норми. Но комисијата сметала дека е невозможно

[10] Вотергејт е политички скандал од 1972 одина, во кој Републиканците ги прислушкуваат Демократиите во комплексот Вотергејт, во Вашингтон. Истата кулминира со оставка на тогашниот претседател Никсон.

[11] Kutak Rock LLP е американска правна фирма основана 1965 година во Небраска.Според статистиките од 2019 година, има повеќе од 500 адвокти низ 18 држави во САД.

да се добијат квалиетни етички норми со само мали измени и затоа донесуваат нов сет на правила, кои ги поднесуваат уште во 1981 година[12]. Истите биле разгледувани цели две години, за да во 1983 година ABA го донесе новиот Model Rules of Professional Conduct[13].

### 3. Model Rules of Professional Conduct 1983

The Model Rules of Professional Conduct[14] е дел од серијата документи и обиди на Американската правна професија да создаде и развие соодветни, компетентни етички правила.

Претходниците на Model Rules of Professional Conduct се претходно елаборираните Canon of Professionals Etichs од 1908 и Model Code of Professional Responsibility од 1969 година. По усвојувањето во 1983 година, ABA's Standing Committee on Ethics and Professional Responsibility, предоложил неколку измени и дополнувања[15]. Дел од нив се должеле на различното ниво на имплементација од страна на државите, но и на новите технологии кои се користеле при практикување на правото. Затоа во 1997 година се формирала нова комисија - Ethics 2000 Comission задолжена за преглед на правилата, која предложила неколку измени[16]. Поголем дел од тие измени биле прифатени и имплементирани[17].

Бидејќи The Model Rules of Professional Conduct немаат сила на закон, истите се зависни од усвојување од страна на државите, целосно или делумно. До 2009 година, 49 држави во САД ги усвоиле правилата во некоја форма[18]. Калифорнија тоа го направила со одредени модификации во 2008 година[19]. Така билансот на Калифорнија е 27 прифатени правила во целост, останатите

---

[12] Подетално за етапите на донесување на новите правила на: https://www.worldcat.org/title/legislative-history-the-development-of-the-aba-model-rules-of-professional-conduct-1982-2005/oclc/69028394 (Пристапено на 01.04.2020);

[13] A legislative history : the development of the ABA model rules of professional conduct, 1982-2005. Center for Professional Responsibility (American Bar Association) ([3rd ed.] ed.). Chicago: Center for Professional Responsibility, American Bar Association. 2006. pp. v. ISBN 978-1-59031-620-7. OCLC 6902839;

[14] Повеќе за Model Rules of Professional Conduct на: https://www.americanbar.org/groups/professional_responsibility/publications/ (Пристапено на: 01.04.2020) ;

[15] Повеќе за ABA's Standing Committee on Ethics and Professional Responsibility на: https://www.americanbar.org/groups/professional_responsibility/committees_commissions/ethicsandprofessionalresponsibility/ (Пристапено на 01.04.2020).

[16] Извештај на Ethics 2000 Comission: https://www.americanbar.org/content/dam/aba/administrative/professional_responsibility/report_hod_082001.pdf (Пристапено на 01.04.2020);

[17] Подетално на: https://www.americanbar.org/groups/professional_responsibility/policy/ethics_2000_commission/e2k_summary_2002/ (Пристапено на 01.04.2020);

[18] Листа на држави кој го усвоиле model rules of professional conduct: https://www.americanbar.org/groups/professional_responsibility/publications/model_rules_of_professional_conduct/alpha_list_state_adopting_model_rules/ (Пристапено на:01.04.2020);

[19] Повеќе на: https://www.ipethicslaw.com/seeking-national-uniformity-california-finally-adopts-new-ethics-rules/ (Пристапено на 01.04.2020)

правила модифицирани и изменети и едно одбиено правило[20].

Повторно и овој кодекс има сосема различна структура во однос на своите претходници. The Model Rules of Professional Conduct се состои од преамбула и тело[21]составено од 58 правила со објаснувачки коментари. Истото понатаму е поделено на неколку дела. Преамбулата започнува со должностите на правниците **(...Правник, како член на правната професија, е претставник на клиентите, службеник на правниот систем, и граѓанин кој има специјални одговорности поврзани за квалитетот на правдата...)** додека понатамошните делови се следниве:

❖ Односот меѓу адвоктот и клиентот

| | |
|---|---|
| Rule 1.1 | Competence |
| Rule 1.2 | Scope of Representation and Allocation of Authority Between Client and Lawyer |
| Rule 1.3 | Diligence |
| Rule 1.4 | Communications |
| Rule 1.5 | Fees |
| Rule 1.6 | Confidentiality of Information |
| Rule 1.7 | Conflict of Interest: Current Clients |
| Rule 1.8 | Conflict of Interest: Current Clients: Specific Rules |
| Rule 1.9 | Duties to Former Clients |
| Rule 1.10 | Imputation of Conflicts of Interest: General Rule |
| Rule 1.11 | Special Conflicts of Interest for Former and Current Government Officers and Employees |
| Rule 1.12 | Former Judge, Arbitrator, Mediator or Other Third-Party Neutral |
| Rule 1.13 | Organization as Client |
| Rule 1.14 | Client with Diminished Capacity |
| Rule 1.15 | Safekeeping Property |
| Rule 1.16 | Declining or Terminating Representation |
| Rule 1.17 | Sale of Law Practice |
| Rule 1.18 | Duties to Prospective Client |

❖ Советување

| | |
|---|---|
| Rule 2.1 | Advisor |
| Rule 2.2 | (Deleted) |
| Rule 2.3 | Evaluation for Use by Third Persons |
| Rule 2.4 | Lawyer Serving as Third-Party Neutral |

[20] Повеќе за односот на Калифорнија со Model Rules of Professional Conduct на: http://www.calbar.ca.gov/Portals/0/documents/Supreme%20Court%20Order%202018-05-09.pdf (Пристапено на 02.04.2020);

[21] Подетално за структурата на: https://www.americanbar.org/groups/professional_responsibility/publications/model_rules_of_professional_conduct/model_rules_of_professional_conduct_table_of_contents/ (Пристапено на 02.04.2020);

❖ Адвокат
Rule 3.1 Meritorious Claims and Contentions
Rule 3.2 Expediting Litigation
Rule 3.3 Candor toward the Tribunal
Rule 3.4 Fairness to Opposing Party and Counsel
Rule 3.5 Impartiality and Decorum of the Tribunal
Rule 3.6 Trial Publicity
Rule 3.7 Lawyer as Witness
Rule 3.8 Special Responsibilities of a Prosecutor
Rule 3.9 Advocate in Nonadjudicative Proceedings

❖ Односите со други лица освен клиентите
Rule 4.1 Truthfulness in Statements to Others
Rule 4.2 Communication with Person Represented by Counsel
Rule 4.3 Dealing with Unrepresented Person
Rule 4.4 Respect for Rights of Third Persons

❖ Правни фирми и асоцијации
Rule 5.1 Responsibilities of a Partner or Supervisory Lawyer
Rule 5.2 Responsibilities of a Subordinate Lawyer
Rule 5.3 Responsibilities Regarding Nonlawyer Assistance
Rule 5.4 Professional Independence of a Lawyer
Rule 5.5 Unauthorized Practice of Law; Multijurisdictional Practiceof Law
Rule 5.6 Restrictions on Rights to Practice
Rule 5.7 Responsibilities Regarding Law-related Services

❖ Јавна служба
Rule 6.1 Voluntary Pro Bono Publico Service
Rule 6.2 Accepting Appointments
Rule 6.3 Membership in Legal Services Organization
Rule 6.4 Law Reform Activities Affecting Client Interests
Rule 6.5 Nonprofit and Court Annexed Limited Legal Services Programs

❖ Информации за правите работи
Rule 7.1 Communication Concerning a Lawyer’s Services
Rule 7.2 Communications Concerning a Lawyer’s Services: Specific Rules
Rule 7.3 Solicitation of Clients
Rule 7.4 (Deleted)
Rule 7.5 (Deleted)
Rule 7.6 Political Contributions to Obtain Legal Engagements or Appointments by Judges

❖ Задржувајќи го интегритетот на професијата
Rule 8.1 Bar Admission and Disciplinary Matters
Rule 8.2 Judicial and Legal Officials
Rule 8.3 Reporting Professional Misconduct
Rule 8.4 Misconduct
Rule 8.5 Disciplinary Authority; Choice of Law

Како што може да се забележи овој кодекс во однос на претходниците има поголем спектар на области што ги покрива. Дел од нив не биле воопшто или пак биле премалку застапени во останатите кодекси, што е и очекувано и разбирливо со оглед на временскиот јаз и општествените констелации кои постојат помеѓу нивното донесување. Така овој кодекс освен старите "проверени сегменти на регулација" како однос на адвокатот со клиентот, прашањата за трошоците, опфаќа и сосема нови сегменти,како, односите со трети лица, правните фирми, информации за правната работа, правната професија како јавна служба и многу останати сегменти, кои му даваат на овој кодекс сосема нова слика и перцепција при етичкото однесување на правниците.

## 4. Дисциплински мерки за недолично, неетичко однесување

Сите држави во САД имаат дисциплински организации кои будно го следат однесувањето на адвокатите. Доколку е поднесена поплака за некој адвокат, оваа организацаија веднаш прави соодветна истрага за тоа дали адвокатот прекршил или не некое етичко правило. Доколку има прекршено организацијата го казнува соодветно. Секоја држава си има свој центар кој поседува веб страна, на која може да се провери дали некој адвокат има изречено дисциплинкса мерка[22] .

Исто така ABA во 1989 година го има донесено и Model Rules for Lawyer Disciplinary Enforcement[23]. Пример недолично, неетичкото однесување може да се казни со: разрешување од страна на судот; суспендирање од страна на судот за временски период не подолг од три години; условна казна изречена од страна на судот во период не подолг од две години, со можност да се обнови условната за уште дополнителни две години; опомена од страна на судот, која може да биде усно на лице место или писмено. Истата се објавува и во официјалните извештаи за водство на другите адвокати, во официјалното списание на тамошната државна асоцијација, како и во секој дистрикт каде адвокатот имал канцеларија; Ограничување од страна на судот за природата или обемот на идната практика на адвокатот.

[22] Во прилог линк до веб страните на соодветните организации во државите во САД, надлежни за дисциплинска одговорност за адвокатите: https://hirealawyer.findlaw.com/choosing-the-right-lawyer/researching-attorney-discipline.html ;
[23] Model Rules for Lawyer Disciplinary Enforcement достапно на: https://www.americanbar.org/groups/professional_responsibility/resources/lawyer_ethics_regulation/model_rules_for_lawyer_disciplinary_enforcement/ ;

При определување на санкцијата, во предвид се земаат неколку параметри, како: дали адвоактот прекршил правило во однос на клиент, во однос на јавноста, во однос на правниот систем или во однос на професијата. Понатаму мора да се утвди дали адвокатот делувал намерно, свесно или несвесно. Исто така се земаат во предвид обемот на повреди настанати со неговото недолично однесување, олеснителни и отежнителни околности.

За да може дисциплинските санкции да имаат вистински ефект, потребно е да се базираат на јасно поставени стандарди. Оваа посебно се нагласува бидејќи во пракса неретки се ситуациите кога за иста дисциплинска повреда, се изрекуваат сосема различни мерки. Таа и во една ситуација во 1979 година, кога адвокат не поднел пријава за данок бил суспендиран една година, додека во 1980 година за иста ситуација, адвокат бил само опоменат[24].

Имено ABA има и комитет за професионална регулатива (The ABA Standing Committee on Professional Regulation), кој го контролира и дисциплинскиот систем (ABA Survey on Lawyer Discipline Systems (S.O.L.D.)). Оваа е единствената организација која собира и анализира статистички податоци за регулацијата на однесувањето на правниците на национално ниво. Овие информации понатаму служат за едуцирање на јавноста, но и на судовите и дисциплинските агенции низ државите за бројот на изречени санкции, финансиските консеквенции, трошоците... Така извештајот за 2017 година е комплетиран благодарение на податоците од 56 дисциплински агенции од државите во САД. Во прилог следува само мал дел од извештајот на The 2017 Charts on Lawyer Disciplinary Systems (S.O.L.D.)[25]

[24] Подетално за историскиот развој на дисциплинските санкции на: https://www.americanbar.org/content/dam/aba/administrative/professional_responsibility/sanction_standards.pdf ;

[25] Подетално за извештајот на: https://www.americanbar.org/groups/professional_responsibility/resources/surveyonlawyerdisciplinesystems2014/ ;

| Jurisdiction | 11. # of Lawyers Publicly Disciplined | 11a. Public Sanctions: # of Lawyers Involuntarily Disbarred | 11b. Public Sanctions: # of Lawyers Disbarred on Consent | 11c. Public Sanctions: # of Lawyers Suspended (Excluding Interim Suspension) | 11d. Public Sanctions: # of Lawyers Interimly Suspended (for Risk of Harm or Criminal Conviction) | 11e. Public Sanctions: # of Lawyers Admonished / Reprimanded / Censured | 11f. Public Sanctions: # of Lawyers Placed on Probation | 11g. Public Sanctions: # of Lawyers Ordered to Pay Restitution | 11h. Public Sanctions: # of Lawyers Ordered to Pay Costs |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Maine | 17N | 1 | 0 | 5 | 0 | 11 | 1 | 0 | 0 |
| Maryland | 93 | 14 | 19 | 31 | 3 | 26 | N/A | N/A | 19 |
| Michigan | 121 | 26 | 4 | 63 | 24 | 31 | 15 | 33 | 121 |
| Minnesota | 44 | 5 | 0 | 26 | 0 | 4 | 17 | 0 | 0 |
| Mississippi | 13 | 3 | 0 | 4 | 0 | 6 | 0 | 0 | 16 |
| Missouri | 59 | 13 | 2 | 22 | 2 | 7 | 14 | 0 | 0 |
| Nebraska | 5 | 1 | 0 | 2 | N/A | 9N | 2 | N/A | 2 |
| Nevada | 109 | 3 | 0 | 36 | 1 | 28 | 42 | N/A | N/A |
| New Hampshire | 29 | 4 | 4 | 6 | 3 | 13 | 4 | N/A | 29 |
| New Jersey | 155 N | 28 | 14 | 37 | 36 | 76 N | N/A | 0 | 155 |
| New Mexico | 18 | 3 | 0 | 11 | 2 | 4 | 7 | 3 | 14 |

**Заклучок:**

Кога ќе се погледне развојот на етичките правила за однесување во правната професија во Америка низ призмата на трите доминантни документи: Cannons od Ethics/1908, Model Code of Professional Responsibility /1969 и Model Rules of Professional Conduct/1983, ќе се увиде дека желбата за етаблирање на правната етика е присутна отсекогаш. Но дизајнирањето на релевантен документ и неговата имплементација се покажале проблематични. Затоа било потребно да се извршат одредени модификации и промени, кои ќе се прилагодат и на современите предизвици. Но без разлика и на новите генерациски промени, сепак етичките правила во суштина се едни исти, кои без разлика на временскиот период не треба да трпат промени. Напротив, нивната срж и дух треба да се зачуваат, може да се промени начинот на нивно дефинирање или имплементирање во практиката на правото, но основата мора да остане константна. Бидејќи она што е правилно, морално, етички секогаш ќе биде такво, без разлика во која година го пласираме. Но бидејќи живееме во 21 ви век, во динамично турболентно општество, не можеме да останеме имуни на новите промени и предизвици. Но доколку се следат и почитуваат етичките правила на однесување, секогаш ќе се најде решение за секој нов проблем кој ќе се појави. На тој начин може да се зачува интегритетот и угледот и на правната професија.

За крај би сакала да потенцирам еден нов сегмент од правната етика, кој сметам дека заслужува поголемо внимание. Многу голем проблем, може да се лоцира со прашањето: Што со правната етика во дигиталната ера? Сведоци сме на се почестите кривични дела со транснационален карактер, на појавата на сајбер криминал и сајбер тероризам , дури и зачеток на кибер војна...Што само укажува на фактот дека ни правото не е исклучено од рапидниот раст и продор на технологијата. Допрва ќе се појавуваат проблемите во врска со изведување електронски докази, доверлививоста на конверзавијата адвокат-клиент (посебно со продорот на технологијата)... низа иновации кој ќе ја доведат во прашање правната етика. Како државите ќе се сносат со тој товар, допрва ќе се виде, иако на американско тло, веќе постојат држави кој прават исчекор во регулација на правната етика во тој сегмент. Најголем "подем" има направено државата Илиноис, а нејзниот чекор го следат и Јужна Каролина, Сан Диего и Ну Јорк (South Carolina Ethics Opinion 12-03, New York State Ethics Opinion 972 ,San Diego County Bar Association Opinion 2011-2). Иако овие обиди се сеуште мали и можеби незначителни, важно е дека е започнат патот за трасирање на правната етика во новата дигитална ера.

**Користена литература:**


1. Model Rules of Professional Conduct: Достапно на: https://www.americanbar.org/groups/professional_responsibility/publications/ (Пристапено на 01.04.2020)
2. Кодексот на професионална етика од 1908 година, Достапен на: http://www.minnesotalegalhistoryproject.org/assets/ABA%20Canons%20(1908).pdf (Пристапено на 01.04.2020)
3. American Bar Association Model Code of Professional Responsibility: Достапен на: https://www.americanbar.org/content/dam/aba/administrative/professional_responsibility/mrpc_migrated/mcpr.pdf (Пристапено на 01.04.2020)
4. Model Rules for Lawyer Disciplinary Enforcement; American Bar Association; Достапно на: https://www.americanbar.org/groups/professional_responsibility/resources/lawyer_ethics_regulation/model_rules_for_lawyer_disciplinary_enforcement/rule_10/ (Пристапено на 19.04.2020)
5. Model Rules for Lawyer Disciplinary Enforcement, Достапно на: https://www.americanbar.org/groups/professional_responsibility/resources/lawyer_ethics_regulation/model_rules_for_lawyer_disciplinary_enforcement/ (Пристапено на: 21.04.2020)
6. Altman J; Considering the A.B.A.’s 1908 Canons of Ethics, Fordham Law Review, Volume 71, Issue 6, 2003. .Достапно на: https://ir.lawnet.fordham.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=3908&context=flr (Пристапено на 09.04.2020)
7. Researching Attorney Discipline, FindLaw’s team (Last updated January 15, 2020), Достапно на: https://hirealawyer.findlaw.com/choosing-the-right-lawyer/researching-attorney-discipline.html (Пристапено на 19.04.2020)
8. Scottsboro case law case: Достапно на: https://www.britannica.com/event/Scottsboro-case (Пристапено на 19.04.2020)
9. Gideon v Wainwright case: Достапно на: https://www.uscourts.gov/educational-resources/educational-activities/facts-and-case-summary-gideon-v-wainwright (Пристапено на: 19.04.2020)
10. STANDARDS FOR IMPOSING LAWYER SANCTIONS ;Достапно на: https://www.americanbar.org/content/dam/aba/administrative/professional_responsibility/sanction_standards.pdf (Пристапено на 22.04.2020)
11. ABA Journal; New ABA annotation may help courts and lawyers navigate attorney sanction process; Достапно на: https://www.abajournal.com/magazine/article/new_aba_annotation_may_help_courts_and_lawyers_navigate_attorney_sanction_p (Пристапено на: 22.04.2020)
12. ABA Lawyers Manual on Professional Conduct; ISSN 1521-5083, 2009
13. Rubin,D ; Model rules of professional conduct I the Post – Enron Era,New Jersey, 2006
14. Guide to Judiciary Policy, Vol 2, Ethics and Judical Conduct

15. International Bar Association; International Code of Ethics
16. Harrison, M; The 2007 ABA Model Code of Judical Conduct: Blueprint for a Generation of Judges; The Justice system Journal, vol,28, number 3, 2007
17. Zacharias,F; The Purpose of Lawers Discipline; William and Mary Law Review,Vol 45, Issue 2
18. Hazzard, G; The Future of Legal Ethics, The Yale Journal, Vol.100